МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 49**

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 30 ноември 2019 г.

26

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 20

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 17
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 3

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 5

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минималниот рок за консултации на ЕНЕР: 1

- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 1

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МЕ | 2 | 1 | 50% |
| МО | 1 | 0 | 0% |
| МТСП | 1 | 1 | 100% |
| МФ | 4 | 4 | 100% |
| МВР | 18 | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 26 | 6 | 23.08% |

**кај 20 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**5 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен“ значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен“ значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на ноември биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 30 ноември 2019 г., до Собранието беа поднесени вкупно 49 предлог-закони од кои за 26 предлог-закони постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 26 предлог-закони 21 беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите освен кај еден предлог-закон, но статусот на ЕНЕР не е сменет во "Затворен" кај четири предлог-закони, вклучувајќи го и предлог-законот за кој не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена. Останатите 23 предлог-закони немаат обврска да бидат ставен на ЕНЕР бидејќи 17 се предложени од групи на пратеници, пет се ратификации а еден е предлог-закон за извршување на буџетот.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за енергетска ефикасност предложен од **Министерство за економија,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка, предложен од **Министерство за одбрана.** Осумнаесетте предлог-закони предложени од **Министерство за внатрешни работи** се усогласување на соодветните закони со Законот за прекршоци. Предлог-законот за младински додаток, по скратена постапка, предложен од **Министерство за труд и социјална политика** е ставен на ЕНЕР но не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена.

Предлог-законите за кои постоеше обврска да биде ставен на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка предложен од **Министерство за економија,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, Предлог-закон за задолжување на РСМ со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договор за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, по скратена постапка, Предлог-закон за гаранција на РСМ на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање за Проектот за изградба на Автопат –делница Кичево-Охрид кој ќе се склучи меѓу Експорт-импорт банката на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири**


**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk


## Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири

Предлог-закон има за цел да ја зголеми ефективноста и ефикасноста на работата на полицијата, без да се загрози правото на граѓаните на мирно собирање и изразување на јавен протест-загарантирано со Уставот. Со предложената измена во членот 2 од Законот за јавни собири, при дефинирањето на поимот јавен собир се предлага зголемување на бројот на граѓани чие собирање ќе претставува јавен собир, на начин што под јавен собир се смета собирање на повеќе од 50 граѓани на отворен или затворен простор, заради остварување на забавни, културни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски или слични интереси на граѓаните, организирани заради јавно изразување на мислење или протест. Според тековниот закон, минимум 20 граѓани можат да организираат јавен собир. Со предложениот закон се менува членот 2-а од Законот за јавни собири, во смисла на прецизирање на местата на кои не е дозволено јавно собирање заради мирно изразување на мислење или протест. Во оваа категорија на места кои не се соодветни за одржување на јавен собир, освен здравствените установи и детските градинки и училишта, се предвидуваат и автопатишта, магистрални и регионални патишта, железнички пруги, на начин со кој се загрозува непреченото одвивање на сообраќајот, на други места од витално значење за непречено одвивање на сообраќајот, во седиштата на органите на државната власт, Собранието и Владата на РСМ и просторот околу нив како и резиденцијалните и репрезентативните објекти и околниот простор што им припаѓа на органите на државната власт на РСМ, во седиштата на странски дипломатско-конзуларни преставништва и нивни резиденции и во објекти и простори кои се од посебно значење и интерес за безбедноста и одбраната на РСМ. Се ограничува и времето на одржување на јавниот собир - од 06:00 до 23:00 часот.

Со предложената измена во член 4 став 1 од Законот за јавните собири се зголемуваат должностите за организаторот на јавниот собир заради заштита на правата на граѓаните, непречено одвивање на сообраќајот, снабдување на населението со лекови, храна, горива и слични неодложни потреби на граѓаните. Во овој контекст, се додава нов член 4-а со кој се врши поимно определување на терминот редар и неговите обврски за време на извршување на работите за одржување на редот и мирот. Со предлог-законот се врши ревидирање на одредбата на членот 5 од Законот за јавните собири кој се однесува на лицата кои присуствуваат на јавниот собир и нивните ограничувања во однос на предметите кои може да ги носат. Во оваа смисла, се проширува листата на работи/предмети кои не смее да ги поседува лицето кое присуствува на јавниот собир (оружје, општоопасно орудие, алкохолни пијалоци и опојни дроги, како и средства на телото (лице, глава и слично) кои создаваат потешкотии при утврдување на идентитетот. Предлог-законот предводува ревидирање на одредбата од член 6 од Законот за јавните собири во која се уредени ситуациите во кои Министерството за внатрешни работи го прекинува јавниот собир. Имено, се предвидува дека Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавниот собир доколку некој од учесниците на јавниот собир носи оружје или општоопасно орудие, како и користи средства на телото (лице, глава и слично) кои создаваат потешкотии при утврдување на идентитетот, односно заради прикривање на идентитетот, учесниците со своите постапки (говор, транспаренти, облека, ознаки и други обележја) повикуваат или поттикнуваат на војна, насилство, предизвикуваат национална, расна или верска омраза или на било каква форма на нетрпеливост, редарите не можат да го одржуваат редот и мирот и одржувањето на јавниот собир е во спротивност со одредбите на членот 2-а од Законот за јавните собири. Дополнително, се предвидува Министерството за внатрешни работи да го прекине одржувањето на јавниот собир на начин што усно ќе им соопшти на организаторот и на учесниците на јавниот собир и ќе побара од нив мирно да се разотидат.

Со предлог законот се прави усогласување на Законот за јавните собири со новиот Закон за прекршоци, односно намалување на глобите за физички лица, како и усогласување на глобите за правните лица и одговорните лица во правните лица (мали, микро, средни и макро трговци) со предвидените глоби во новиот Закон за прекршоците.